Јули/Temmuz
2024

# Службен гласник на општина Пласница
# Plasnitsa Belediyesi'nin Resmi Bildirisi

# Број 5/2024 година примерокот е бесплатен
# No: 5/2024 Örnekler Ücretsizdir

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА ПЛАСНИЦА
KUZEY MAKEDONYA CUMHURIYETİ - PLASNİTSA BELEDİYESİ
Бр.-No. 03-353/1
31.07 20 24 год.- yil.
ПЛАСНИЦА - PLASNİTSA

17-11-1996

| |
|---|
| *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*<br>*НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА*<br>*PLASNITSA BELEDIYESI'NIN*<br>*RESMI BILDIRISI* |
| *opstina_plasnica@yahoo.com*<br>*045/287-086*<br>*045/207-087* |

СОДРЖИНА

1. Заклучок за објавување на Заклучок за одобрување на средства по Програмата за мерките и активностите на општина Пласница во областа на социјалната заштита во 2024 година како еднократен надоместок....3
2. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ „Мустафа Кемал Ататурк" с.Пласница – општина Пласница за 2023/2024 година....4
3. Заклучок за објавување на Одлука за за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ „Јунус Емре" с.Лисичани – општина Пласница за 2023/2024 година....6
4. Заклучок за објавување на Јавен повик за избор на членови на Управен одбор на ЈКП „Комуналец" Пласница....7
5. Заклучок за објавување на Јавен повик за избор на членови на Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец" Пласница....10
6. Заклучок за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пласница за 2024 година....13
7. Заклучок за објавување на Одлуката за давање на времено користење на објект и одржување на стадион во с.Лисичани....15
8. Заклучок за објавување на Одлука за давање на времено користење на канцелариски простор....16

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Заклучок за одобрување на средства по Програмата за мерките и активностите на општина Пласница во областа на социјалната заштита во 2024 година како еднократен надоместок**

1. Се прогласува, Заклучок за одобрување на средства по Програмата за мерките и активностите на општина Пласница во областа на социјалната заштита во 2024 година како еднократен надоместок, бр.08-332/3, донесен од Советот на општина Пласница на ден 31.07.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-352/1**
**31.07.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002 година.), член 17 од Статутот на општина Пласница („Службен гласник на општина Пласница бр.02/2024 година), како и согласно точка 5 од Програмата за мерките и активностите на општина Пласница во областа на социјалната заштита во 2024 година бр.08-573/12 од 26.12.2023 година, 08-263/6 од 30.05.2024 година и 08-290/ 4 од 21.06.2024 година, Советот на општина Пласница на 29- та седницата одржана на ден 31.07.2024 година донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за одобрување на средства по Програмата за мерките и активностите на општина Пласница во областа на социјалната заштита во 2024 година како еднократен надоместок**

1. Согласно Програмата за мерките и активностите на општина Пласница во областа на социјалната заштита во 2024 година бр.08-573/12 од 26.12.2023 година, 08-263/6 од 30.05.2024 година и 08-290/ 4 од 21.06.2024 година, Советот на општина Пласница ги разгледа и одобри следните барања и тоа:

1.1 Барање поднесено од Зурије Миртоска од с.Лисичани, одобрен износ од 6.000 денари;
1.2 Барање поднесено од Менѓул Џафероски од с.Пласница, одобрен износ од 6.000 денари;
1.3 Барање поднесено од Реџеп Мустафоски од с.Пласница, одобрен износ од 6.000 денари;

1.4 Барање поднесено од Таип Алијоски од с.Пласница, одобрен износ од 6.000 денари;

1.5 Барање поднесено од Селаудин Јаоски од с.Пласница, одобрен износ од 6.000 денари;

1.6 Барање поднесено од Мелвин Бегоски од с.Пласница, одобрен износ од 6.000 денари;

1.7 Барање поднесено од Алириза Рамчески од с.Пласница, одобрен износ од 6.000 денари;

1.8 Барање поднесено од Демиралија Арапоски од с.Пласница, одобрен износ од 6.000 денари;

1.9 Барање поднесено од Наима Каралиоска од с.Пласница, одобрен износ од 6.000 денари;

1.10 Барање поднесено од Ердуан Шабаноски од с.Пласница, одобрен износ од 6.000 денари;

1.11 Барање поднесено од Нуртена Адемоска од с.Пласница, одобрен износ од 6.000 денари;

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Пласница за 2024 година, согласно Програмата наведена во точка 1 од овој Заклучок.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при општина Пласница да го изврши наведениот Заклучок согласно расположливите средства и важечките законски прописи.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пласница".

**Број 08-332/3**
**31.07. 2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

______________________________

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ „Мустафа Кемал Ататурк" с.Пласница – општина Пласница за 2023/2024 година**

1. Се прогласува, **Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ „Мустафа Кемал Ататурк" с.Пласница – општина Пласница за 2023/2024 година**, бр.08-332/4, донесен од Советот на општина Пласница на ден 31.07.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-352/2**
**31.07.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 62 став 1, а во согласност со член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ бр.5/2002 год.), и согласно член 17 од Статутот на општина Пласница (,Службен гласник на општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 година), Советот на општина Пласница на 29-тата седница одржана на ден 31.07.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ ,,Мустафа Кемал Ататурк" с.Пласница – општина Пласница за 2023/2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Годишниот извештај за работата на ООУ ,,Мустафа Кемал Ататурк" с.Пласница – општина Пласница за 2023/2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзинот донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Пласница".

**Број 08-332/4**
**31.07. 2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

____________________________

===========================================================

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ „Јунус Емре" с.Лисичани – општина Пласница за 2023/2024 година**

1. Се прогласува, **Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ „Јунус Емре" с.Лисичани – општина Пласница за 2023/2024 година** бр.08-332/5, донесен од Советот на општина Пласница на ден 31.07.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-352/3**
**31.07.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 62 став 1, а во согласност со член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002 год.), и согласно член 17 од Статутот на општина Пласница (,Службен гласник на општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 година), Советот на општина Пласница на 29-тата седница одржана на ден 31.07.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ „Јунус Емре" с.Лисичани – општина Пласница за 2023/2024 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Годишниот извештај за работата на ООУ „Јунус Емре" с.Лисичани – општина Пласница за 2023/2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзинот донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Пласница".

**Број 08-332/5**
**31.07. 2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

===================================================

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на

општина Пласница (“Сл.гласник на Општина Пласница“ бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Јавен повик**
**за избор на членови на Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Пласница**

1. Се прогласува, **Јавен повик за избор на членови на Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Пласница**бр.08-332/6, донесен од Советот на општина Пласница на ден 31.07.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-352/4**
**31.07.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, ... и „Службен Весник на РСМ„бр. 75/19, 89/22 и 274/22) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.283 од 27.12.2022 година), Советот на општина Пласница објавува:

**Јавен повик**
**за избор на членови на Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Пласница**

**1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на пет членови на Управниот Одбор на ЈКП „Комуналец“ Пласница.

Постапката се спроведува согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 283). Основна дејност на претпријатието е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода.

**2. ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Пласница www.plasnica.gov.mk.

## 3. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Управен одбор на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.
- Доказ за историјат за вработување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж,
- Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна морална, материјална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,
- Кратка биографија,
- писмо за интерес/мотивација,

Освен условите наведени во член 17 став 4 од Законот за јавни претпријатија, членовите на управниот одбор треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- два члена на УО треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од Државниот завод за статистика,
- најмалку еден член на УО треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиското работење,
- најмалку еден член на УО треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и
- најмалку еден член на УО треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки.

Времетраењето на мандатот на членовите изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

## 4. РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОДГОВОРНОСТИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Согласно член 19 од Законот за јавните претпријатија, Управниот Одбор ги има следните работни задачи, одговорности, права и обврска и тоа:

1. Го донесува статутот на јавното претпријатие;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;

3. Ја утврдува деловната политика;

4. Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;

5. Одлучува за употребата на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривање на загубите,

6. Ги донесува одлуките за инвестиции;

7. Ги утврдува цените на производите и услугите,

8. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие;

9. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените и

10. Врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на јавното претпријатие.

## 5. НАДОМЕСТОК

Висината на месечниот надоместок на претседателот и членовите на УО дополнително ќе биде утврден со Одлука на Советот на општината.

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на УО на ЈКП „Комуналец" Пласница се:

1. Државјанство на Република Северна Македонија,

2. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,

3. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,

4. Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северена Македонија со евидентиран стаж,

5. Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна материјална, морална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,

6. Кратка биографија,

7. Писмо за интерес/мотивација,

8. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

## 6. ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на управниот одбор на ЈКП „Комуналец" Пласница се состои од две фази и тоа:

– административна селекција (се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во Јавниот повик) и бодување и
– интервју.

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на општина Пласница: www.plasnica.gov.mk.

**7. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

Јавниот повик се објавува на ден 31.07.2024 година и трае 10 (десет) работни дена, односно најдоцна до 15.08.2024 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оргинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е прилог кон повикот) да ја достават до:

Општина Пласница, с.Пласница, 6539 пошта Дворци или во архива на општина Пласница (со назнака: За Јавен повик за именување на член на Управен Одбор на ЈКП „Комуналец" Пласница)

Краен рок за поднесување на пријавите е __.08.2024 година.

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

**Напомена**: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

**Број 08-332/6**
**31.07. 2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

_________________________

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Јавен повик**
**за избор на членови на Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец" Пласница**

1. Се прогласува, **Јавен повик за избор на членови на Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец" Пласница**бр.08-332/7, донесен од Советот на општина Пласница на ден 31.07.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

Број 09-352/5
31.07.2024 година
Пласница

Општина Пласница
Градоначалник
Алија Јаоски

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, ... и „Службен Весник на РСМ„бр. 75/19, 89/22 и 274/22) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.283/2022 година), Советот на општина Пласница објавува:

**Јавен повик**
**за избор на членови на Надзорен одбор на ЈП „Комуналец" Пласница**

## 2. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на пет членови на Надзорниот Одбор на ЈКП „Комуналец" Пласница.

Постапката се спроведува согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 283). Основна дејност на претпријатието е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода.

## 3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Пласница www.plasnica.gov.mk.

## 4. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Надзорен одбор на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.
- Доказ за историјат за вработување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж,

- Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна морална, материјална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,
- Кратка биографија,
- писмо за интерес/мотивација,

Освен условите наведени во член 26 став 2 од Законот за јавни претпријатија, членовите на надзорниот одбор треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

5. **РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОДГОВОРНОСТИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР**

Согласно член 26, став 1 од Законот за јавните претпријатија,Надзорниот Одбор ќе вршењи контрола на материјално - финансиското работење на јавното претпријатие.

8. **НАДОМЕСТОК**

Висината на месечниот надоместок на претседателот и членовите на НО дополнително ќе биде утврден со Одлука на Советот на општината.

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на УО на ЈКП „Комуналец“ Пласница се:

3. Државјанство на Република Северна Македонија,
4. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
9. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
10. Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северена Македонија со евидентиран стаж,
11. Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна материјална, морална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,
12. Кратка биографија,
13. Писмо за интерес/мотивација,

14. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

**9. ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ**

Постапката за селекција на членовите на надзорниот одбор на ЈП „Комуналец" Пласница се состои од две фази и тоа:
– административна селекција (се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во Јавниот повик) и бодување и
– интервју.

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на општина Пласница: www.plasnica.gov.mk.

**10. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

Јавниот повик се објавува на ден 31.07.2024 година и трае 10 (десет) работни дена, односно најдоцна до 15.08.2024 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оргинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е прилог кон повикот) да ја достават до:

Општина Пласница, с.Пласница, 6539 пошта Дворци или во архива на општина Пласница (со назнака: За Јавен повик за именување на член на Надзорен Одбор на ЈКП „Комуналец" Пласница)

Краен рок за поднесување на пријавите е 15.08.2024 година.

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во надзорниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

**Напомена**: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

**Број 08-332/7**
**31.07. 2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

____________________________

===========================================================

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пласница за 2024 година**

1. Се прогласува, **Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Пласница за 2024 година** бр.08-332/8, донесена од Советот на општина Пласница на ден 31.07.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-352/6**
**31.07.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 33 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05,4/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15,167/16 и Сл.весник на РСМ бр.151/21) Советот на Општина Пласница на 29-та седница одржана на 31.07.2024 година, донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пласница**

**за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врШи измена на распоредот на средствата на Буџетот на ОпШтина Пласница за 2024 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **J30** | **JАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | -15.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424390 | Одржување на други градби | 15.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 423720 | Материјали за разни поправки | -20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен весник на ОпШтина Пласница и станува составен дел на Буџетот на опШтината за 2024 година.

Бр. 08-332/8
31.07.2024

Претседател на Советот на ОпШтината
**Џемаил Асаноски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за давање на времено користење на објект и одржување на стадион во с.Лисичани**

1. Се прогласува, **Одлуката за давање на времено користење на објект и одржување на стадион во с.Лисичани** бр.08-332/9, донесена од Советот на општина Пласница на ден 31.07.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-352/7**
**31.07.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002 год.) и член 17 од Статутот на општина Пласница („Службен гласник на општина Пласница бр.02/2006), Советот на општина Пласница на 29-тата седница одржана на ден 31.07.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање на времено користење на објект**
**и одржување на стадион во с.Лисичани**

**Член 1**

По барање на Здружението за развој на спортот, образованието и културата БРАТСТВО-РЕ 2024 Лисичани-Пласница, бр.08-329/1 од 12.07.2024 година, Советот на општина Пласница на ова Здружение го дава на времено користење објектот кој се најдува на КП 22791/ во КО Лисичани, а во интерес на младите во с.Лисичани, односно одржување на состаноци и едукација од социокултурен, образовен и спортски карактер.

Трошоците за санација и реконструкција на објектот ќе ги сноси самото здружение.

**Член 1**

По барање на Здружението за развој на спортот, образованието и културата БРАТСТВО-РЕ 2024 Лисичани-Пласница, бр.08-329/2 од 12.07.2024 година, Советот на општина Пласница му одобрува на ова Здружение, да изврши санација и реконструкција на објектот (соблекувални) во стадионот во с.Лисичани, како и да се грижи за одржување на теренот, а се со цел подобрување на спортскиот живот во с.Лисичани и поттик на младите да бидат повеќе активни во спортувањето.

Трошоците за оваа намена ќе ги сноси самото здружение.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиниот донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Пласница".

**Број 08-332/9**
**31.07. 2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница ("Сл.гласник на Општина Пласница" бр.02/2024), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за давање на времено користење на канцелариски простор**

1. Се прогласува, **Одлука за давање на времено користење на канцелариски простор** бр.08-332/10, донесена од Советот на општина Пласница на ден 31.07.2024 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-352/8**
**31.07.2024 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002 год.) и член 17 од Статутот на општина Пласница („Службен гласник на општина Пласница бр.02/2006), Советот на општина Пласница на 29-тата седница одржана на ден 31.07.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање на времено користење на канцелариски простор**

**Член 1**

Советот на општина Пласница, ќе обезбеди канцелариски простор за потребите на Министерството за внатрешни работи, а за издавање на издавање на лични карти, пасоши, сообраќајни дозволи, државјанства и други документи.

**Член 2**

Канцелариският простор се дава на времено користење и без никаков надомест и други трошоци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиниот донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Пласница".

**Број 08-332/10**
**31.07. 2024 година**
**Пласница**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

____________________________

==================================================================